**РАБОТНОТО ВРЕМЕ, ЗАДОЛЖИТЕЛНИТЕ ОДМОРИ НА МОБИЛНИТЕ РАБОТНИЦИ И ВОЗАЧИТЕ ВО ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ**

**1. ПРЕКИНИ НА УПРАВУВАЊЕТО СО ВОЗИЛОТО (ПАУЗИ)**

После непрекинато управување со возилото од 4,5 часа возачот е должен да го прекине управувањето со возило од најмалку 45 минути, освен ако го користи периодот за одмор. Прекинот е период во кој возачот не смее да управува со возилото или да извршува било која друга активност

| | |
|---|---|
| Управување **4,5** часа | Прекин **45** минути |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Управување **2,5** часа | Други работи 1 час | Управување **2** часа | Прекин **45** минути |

Алтернативно, 45 минутниот прекин може да се замени со една прекин од најмалку 15 минути, по што би следел друг прекин од најмалку 30 минути. Овие прекини мора да бидат распределени во 4,5 часовниот период на управување со возилото

| | | | |
|---|---|---|---|
| Управување **2** часа | Прекин 15 минути | Управување **2,5** часа | Прекин **30** минути |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Управување **2** часа | Прекин 34 минути | Управување **2,5** часа | Прекин **30** минути |

→ Следниот пример не е легален, бидејќи вториот прекин е помалку од 30 минути

| | | | |
|---|---|---|---|
| Управување **2** часа | Прекин 30 минути | Управување **2,5** часа | Прекин **15** минути |

## 2. ВРЕМЕ НА УПРАВУВАЊЕ СО ВОЗИЛОТО

### 2.1. Дневно време на управување со возилото

Дневното време на управување со возило не смее да биде подолго од **9** часа.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Управување **2** часа | Прекин **45** минути | Управување **4,5** часа | Прекин **45** минути | Управување **2** часа |

По исклучок, дневното време на управување со возило може да биде продолжено на најмногу **10** часа, но не повеќе од двапати неделно

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Управување **4,5** часа | Прекин **45** минути | Управување **4,5** часа | Прекин **45** минути | Управување **1** час |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Управување **2** часа | Прекин **45** минути | Управување **4,5** часа | Прекин **45** минути | Управување **3,5** часа |

### 2.2. Неделно време на управување со возилото

<u>2.2.1 Време на управување со возилото за една недела</u>

Максималното време на управување со возилото во текот на една недела изнесува **56** часа.Неделата започнува во понеделник во 00.00 и трае до Сабота до 24.00

| | |
|---|---|
| Недела | Неделен одмор |
| Понеделник | **9** часа управување |
| Вторник | **10** часа управување |
| Среда | **9** часа управување |
| Четврток | **10** часа управување |
| Петок | **9** часа управување |
| Сабота | **9** часа управување |
| Недела | Неделен одмор |

## 2.2.2.Време на управување со возилото за две недели

Максималното дозволено време на управување со возилото во текот на две последователни недели изнесува **90** часа

<table>
<tr><td>Недела</td><td>Вкупно време во управување</td><td colspan="2">Вкупно за две недели</td></tr>
<tr><td>9</td><td>56 часа управување</td><td rowspan="2">90 часа</td><td></td></tr>
<tr><td>10</td><td>34 часа управување</td><td rowspan="2">79 часа</td></tr>
<tr><td>11</td><td>45 часа управување</td><td rowspan="2">90 часа</td></tr>
<tr><td>12</td><td>45 часа управување</td><td rowspan="2">88 часа</td></tr>
<tr><td>13</td><td>43 часа управување</td><td></td></tr>
</table>

Пример како треба да биде организирано работното време на возачот во текот на една и две последователни недели

<table>
<tr><td colspan="3"></td><td>неделно</td><td>Две недели</td><td>Помеѓу недела</td></tr>
<tr><td>Понеделник</td><td>9 часа управување</td><td>Дневен одмор</td><td rowspan="7">56 часа управување во текот на недела 1</td><td rowspan="14">90 часа управување во текот на двете недели</td><td rowspan="3"></td></tr>
<tr><td>Вторник</td><td>9 часа управување</td><td>Дневен одмор</td></tr>
<tr><td>Среда</td><td>9 часа управување</td><td>Дневен одмор</td></tr>
<tr><td>Четврток</td><td colspan="2">Неделен одмор</td><td rowspan="7">58 часа управување помеѓу неделен одмор</td></tr>
<tr><td>Петок</td><td>10 часа управување</td><td>Дневен одмор</td></tr>
<tr><td>Сабота</td><td>10 часа управување</td><td>Дневен одмор</td></tr>
<tr><td>Недела</td><td>9 часа управување</td><td>Дневен одмор</td></tr>
<tr><td>Понеделник</td><td>9 часа управување</td><td>Дневен одмор</td><td rowspan="7">34 часа управување во текот на недела 2</td></tr>
<tr><td>Вторник</td><td>10 часа управување</td><td>Дневен одмор</td></tr>
<tr><td>Среда</td><td>10 часа управување</td><td>Дневен одмор</td></tr>
<tr><td>Четврток</td><td colspan="2">Неделен одмор</td><td rowspan="4"></td></tr>
<tr><td>Петок</td><td colspan="2">Неделен одмор</td></tr>
<tr><td>Сабота</td><td colspan="2">Надоместок-компензација</td></tr>
<tr><td>Недела</td><td>5 часа управување</td><td>Дневен одмор</td></tr>
</table>

## 2.3. Патувања кои вклучуваат траект или воз

Кај возачите кои се превезуваат со траект или воз, барањата за дневниот одмор се пофлексибилни. Дневниот одмор може да биде прекинат најмногу два пати но прекинот да не биде повеќе од 1 час. Со ова се дозволува возилото да биде управувано за качување и слегување на траектот . Иако дневниот одмор прекинат на ваков начин, мора да изнесува **11 часа**

| Период од 24 часа (еден ден) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **2 часа** одмор | Управување /други работи **30 минути** | **7 часа** Одмор на воз или траект | Управување /други работи **30 минути** | **2 часа** одмор |

## 2.4. Повеќечлен екипаж

Ако возилото е со екипаж од два или повеќе возачи, секој возач мора да има одмор од најмалку **9** непрекинати часа во 30-часовен период што започнува од крајот на последниот дневен или неделен одмор.

Пример за тоа како да се организираат одврските на двочлен екипаж за максимално да го искористат времето во согласност со прописите

| | Возач1 | Возач2 |
|---|---|---|
| 30-часовен период | Дневен одмор | Дневен одмор |
| | Други работи 1 час | Дневен одмор 1 час |
| | Управување 4,5 часа | Расположливост 4,5 часа |
| | Прекин + Расположливост 4,5 часа | Управување 4,5 часа |
| | Управување 4,5 часа | Прекин + Расположливост 4,5 часа |
| | Прекин + Расположливост 4,5 часа | Управување 4,5 часа |
| | Управување 1 час | Прекин + Расположливост 1 час |
| | Прекин 1 час | Управување 1 час |
| | Дневен одмор 9 часа | Дневен одмор 9 часа |

## 3. ПЕРИОД НА ОДМОР

### 3.1. Дневен одмор

Во периодот на секои **24** часа, по дневниот одмор, возачите мора да имаат нов дневен одмор не помалку од **11** часа

| Период од 24 часа (еден ден) | |
|---|---|
| Управување + други работи + прекин =**13** часа | дневен одмор **11** часа |

Алтернативно, возачот може да го раздели дневниот одмор во два периоди. Првиот период мора да биде најмалку **3 часа** непрекинат одмор и може да биде земен во било кое време од денот. Вториот период мора да биде **9 часа** непрекинат одмор, односно вкупен одмор од најмалку **12 часа**

| Период од 24 часа (еден ден) | | | |
|---|---|---|---|
| **8 часа**<br>Управување + други работи + прекин | **3 часа**<br>одмор | **4 часа**<br>Управување + други работи + прекин | **9 часа**<br>одмор |

Возачот може да го скрати дневниот одмор на најмалку **9** часа.Возачот може да има најмногу три скратени дневни одмори меѓу кои било два неделни одмори.

| Период од 24 часа (еден ден) | |
|---|---|
| Управување + други работи + прекин =**15** часа | Скратен дневен одмор **9** часа |

### 3.2. Неделен одмор

Неделниот одмор започнува најдоцна по истек на шест 24-часовни периоди од крајот на претходниот неделен одмор. Редовниот неделен одмор изнесува најмалку **45** непрекинати часа. Работната недела започнува после завршувањето на неделниот одмор и трае до наредниот неделен одмор, што значи дека неделниот одмор може да се земи во било кој ден од неделата

<table>
<tr><td colspan="6">Недела1</td><td colspan="6">Недела2</td><td colspan="2">Недела3</td></tr>
<tr><td></td><td></td><td>одмор</td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td>одмор</td><td></td><td></td><td></td><td>одмор</td></tr>
<tr><td colspan="2"></td><td>45 часа</td><td colspan="6">144 часа</td><td>45 часа</td><td colspan="3">80 часа</td><td>45 часа</td></tr>
</table>

Алтернативно, возачот може да користи скратен неделен одмор во период од непрекинати 24 часа одмор. Ако возачот користи ваков одмор мора да биде надоместен со еквивалентен одмор. Неискористениот дел од неделниот одмор возачот е должен да го искористи најдоцна до крајот на третата недела од неделата кога го користел скратениот неделен одмор.

На пример возачот кој користел скратен неделен одмор од 33 часа во неделата1, тој мора да го надомести периодот од 12 часа за одмор до наредниот период за одмор пред истекот на неделата 4

| | Недела 1 | Недела 2 | Недела 3 | Недела 4 |
|---|---|---|---|---|
| Неделен одмор | **33 часа** | **45 часа** | **45 часа** | **45 часа<br>+ 12 часа компензација** |

Во било кои две последователни недели возачот мора да користи најмалку

- Два редовни неделни одмори
- Еден редовен и еден скратен неделен одмор

Пример како треба да биде организиран периодот за одмор на возачот во согласност со прописите за неделен одмор, што дозволува два скратени неделни одмори да бидат користени последователно. Овој пример е во согласност со правилата бидејќи најмалку еден редовен и еден скратен неделен одмор бил користен во текот на две последователни недели

<table>
<tr><td colspan="6">Недела 1</td><td colspan="7">Недела2</td><td colspan="6">Недела3</td></tr>
<tr><td>одмор<br>45часа</td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td>одмор<br>24часа</td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td>одмор<br>27часа</td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td>одмор<br>45часа</td></tr>
</table>